**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.08-425**
**13.12.2021 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 4 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, Одлуката Уп1 бр.08-425 од 26.11.2021 година за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското Радио-дифузно Друштво РАДИО АКТУЕЛ Битола ДООЕЛ, бр.08-86 од 05.01.2015 година и Заклучокот арх.бр.02-4473/3 од 13.12.2021 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 36-та седница одржана на 13.12.2021 година, донесе:

# Решение
## за бришење од регистарот на радиодифузери

1. СЕ БРИШЕ од регистарот на радиодифузери, Трговското Радио-дифузно Друштво РАДИО АКТУЕЛ Битола ДООЕЛ.

2. Решението се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија” и на веб страницата на Агенцијата.

3. Ова решение влегува во сила веднаш.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 85 став 1 алинеја 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, дозволата за телевизиско или за радио емитување престанува да важи по сила на закон, со одземање на дозволата од страна на Агенцијата. Согласно ставот 2 од цитираниот член од Законот, Агенцијата ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери доколку дозволата престанала да му важи согласно со член 85 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 34-та седница одржана на 26.11.2021 г., согласно Заклучокот арх.бр.02-4259/3 од 26.11.2021 г., донесе Одлука Уп1 бр.08-425 од 26.11.2021 г. со која ја одзеде дозволата на Трговското Радио-дифузно Друштво РАДИО АКТУЕЛ Битола ДООЕЛ, бр.08-86 од 05.01.2015 г., затоа што по издавањето на дозволата настанале околности што претставуваат законски пречки за имателот на дозволата да ја врши дејноста, односно поради тоа што радиодифузерот не ги исполнил минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

Следствено на наведеното, а врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 4 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст), Одлуката Уп1 бр.08-425 од 26.11.2021 година за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското Радио-

дифузно Друштво РАДИО АКТУЕЛ Битола ДООЕЛ, бр.08-86 од 05.01.2015 година и Заклучокот арх.бр.02-4473/3 од 13.12.2021 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 36-та седница одржана на 13.12.2021 година, донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- Трговското Радио-дифузно Друштво РАДИО АКТУЕЛ Битола ДООЕЛ;
- Управителот на Трговското Радио-дифузно Друштво РАДИО АКТУЕЛ Битола ДООЕЛ;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи - Архива;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за финансии и логистика;
- Назначеното лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на Уписникот Уп1; и
- Агенцијата за електронски комуникации на РСМ.